Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25 , 13/25 и 4/26), по барање на [redacted] за сечење на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило (останато зеленило) на 2(две) дрвја (смрчи), што се наоѓаат **во дворот на барателот** на **ул. "Кратовска" бр.7 – Скопје.**
2. Сечењето на дрвјата да го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обврзува барателот , во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 2(две) дрвја , постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted] **- Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/885** од **16.09.2026** година, за сечење на дрвја што се наоѓаат во дворот на барателот **на ул. "Кратовска" бр. 7 – Скопје.**

Службено лице од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвјата предмет на барањето се високи , со плитки корени, опасни да паднат и причинат материјална и нематеријална штета.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се

обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрво се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека поради состојба во која се наоѓаат дрвјата, потребно е истите да се исечат, при што на барателот му е наметнато компензациско садење.
Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/885/2**
08.10.2026 година
Скопје
Доставено до: Барателот и Архива

Изработил
Марија Стојановска
_____
Раководител на одд.
Емил Дуровиќ
_____

Пом. раководител на сектор
Петар Гичаровски
_____
Раководител на сектор
Зоран Лапевски
_____

Секретар на Град Скопје
Славче Трпески
_____

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ СКОПЈЕ
GJYQETI I SHKUPIT SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT